Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 03-1424/1
17.09 2024 год.
ОБЛЕШЕВО

Друштво за производство трговија и услуги
ВОД -АР ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03-065/24
17.09 2024 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
за јавна набавка на работи

Склучен на ден 17.09.2024 година, помеѓу:

1. ***Општина Чешиново-Облешево,*** со седиште на адреса ул. ул.Маршал Тито бб Облешево, ЕДБ:4013005120852, застапувана и претставувана од Градоначалникот Далибор Ангелов, во својство на одговорно лице на договорниот орган (во понатамошниот текст*: Нарачател)* и
2. ***Друштво за производство трговија и услуги ВОД - ВАР ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,*** со седиште на бул.Видое Смилевски Бато број 5 локал 8а, Скопје, со ЕДБ: 4043010503871 и ЕМБС: 6564852, застапувано од Управителот Робертино Јанкуловски (во понатамошниот текст: ***Изведувач***).

Предмет на договорот

Член 1

Предмет на Договорот за јавната набавка со кој Изведувачот се обврзува да изведе градежни работи според определен проект во договорен рок, а Нарачателот се обврзува за тоа да му исплати определена цена, е изведување на работи за:

Изградба на фекална канализација во с.Облешево

Предметот на јавна набавка од ст.1 на овој член е детално опишан во Предмерот, составен дел на тендерската документација изработена од Нарачателот, а по Одлука за јавна набавка, електронски заверена на ден 22.07.2024 година, за спроведување на поедноставена отворена постапка, објавена со Оглас бр. 12294/2024 на ЕСЈН и во Службен весник на РСМ бр.156/24, која постапка се спроведе преку ЕСЈН, со е-аукција.

Договорот за јавната набавка е доделен согласно Одлука за избор на најповолна понуда за јавна набавка, електронски заверена на ден 19.08.2024 година.

Член 2

Работите од чл. 1 на овој Договор треба да се изведат во сè според предмер пресметката, техничките описи во проектот и количините од договорената пресметка како и важечките прописи, правила и стандарди за ваков вид на работи.

Член 3

Со овој Договор Нарачателот и Изведувачот, ги регулираат своите права и обврски.

Вредност на договорот

Член 4

Изведувачот, работите наведени во чл. 1 од овој Договор, ќе ги изведе за вкупна цена од 1.512.713,27 денари без пресметан данок на додадена вредност, согласно поднесената конечна цена.

Данокот на додадена вредност на износот од ст. 1 на овој член изнесува 272.288,39 денари или

- вкупната вредност на Договорот за јавната набавка со пресметан данок на додадена вредност од 18 % изнесува: 1.785.001,67 денари.

Единечната и вкупната цена за изразување на позициите од договорените работи се утврдени во предмер пресметката, која е составен дел на овој Договор, а во согласност со конечните цени, добиени по завршување на е-аукцијата.

Извор на средствата за реализација на договорот и начин на плаќање

Член 5

Средствата за реализација на договорот за јавна набавка, кој е предмет на оваа постапка се обезбедени во Буџетот на Општина Чешиново-Облешево.

Член 6

Плаќањето на работите кои се предмет на овој договор, ќе се врши согласно со фазите на реализација на инвестициијата, во рок од 60 (шеесет) дена по доставување на ситуација/и (времена/и и завршна) заедно со градежна книга и градежен дневник како составен дел на ситуацијата, за стварно изведени работи, што ја доставува Изведувачот, со дефинирани и изведени позиции.

Времената ситуација Изведувачот ја доставува до Нарачателот во примерен рок по истекот на периодот за кој се однесува, потпишана и заверена од страна на овластен Надзорен орган, определен од Општина Чешиново-Облешево.

Завршната ситуација, Изведувачот ја составува и поднесува на исплата до Нарачателот, врз основа на стварно изведени и завршени работи, потпишана и заверена од страна на овластен Надзорен орган, определен од Општина Чешиново-Облешево.

Член 7

Нарачателот има право да задржи сразмерен дел од цената за отстранување на недостатоците утврдени при примопредавањето на работите.

Член 8

Задржаниот дел од цената Нарачателот може да го употреби за остранување на недостатоците на изведените работи, ако Изведувачот на писмена покана од Нарачателот не ги отстрани тие недостатоци во примерениот рок.

Член 9

Задржаниот износ, односно, неговиот непотрошен дел Нарачателот му го исплатува на Изведувачот во рок од 8(осум) дена од денот на примопредавањето на работите, односно, веднаш по отстранувањето на недостатоците утврдени при примопредавањето.

Член 10

Конечната вредност на работите ќе се утврди со конечна пресметка која се врши по примопредавањето на изведените работи. Работата врз конечната пресметка започнува веднаш по извршеното примопредавање.

Член 11

Со конечната пресметка се опфаќаат сите работи изведени врз основа на договорот, вклучувајќи ги и непредвидените и дополнителните работи што изведувачот бил должен да ги изведе, без оглед дали работите се опфатени со времените ситуации.

Член 12

Конечната пресметка содржи особено:

1) вредноста на изведените работи според договорените цени;
2) износ на разликите во цената;
3) износ исплатен по основ на ситуации;
4) конечен износ што Изведувачот треба да го прими или врати по неспорниот дел на пресметката;
5) износ на цената што Нарачателот го задржува за отстранување на недостатоци;
6) податокот дали работите се изведени во договорениот рок, а ако не е, колку изнесува пречекорувањето на рокот;
7) вкупен износ на цената на изведените работи;

8) податоци за другите факти за кои не е постигната согласност на овластените претставници на договарачите.

Член 13

Секоја договорна страна си ги поднесува своите трошоци за изработка на конечната пресметка.

Динамика на изведување на работите

Член14

Изведувачот е должен работите од предметот на договорот за јавната набавка да ги изведе во рок од два и пол месеци, сметано од денот на склучување на договорот за јавна набавка.

Рокот за изведување на работите претставува рок во кој се вбројуваат сите денови, а не само работни денови. Во рокот за изведување на работите нема да се пресметуваат деновите во кои изведбата ќе биде запрена поради непредвидени климатски услови кои би го попречиле нормалното изведување на работите предмет на овој договор.

Нарачателот ќе го воведе Изведувачот во работа во рок од 7 (седум) работни дена, сметано од денот на склучување на овој договор.

Ако Изведувачот не ги започне работите веднаш по воведувањето во работата, Нарачателот ќе му остави дополнителен примерен рок од 3 (три) работни дена за започнување на работите.

Ако Изведувачот ниту во овој дополнителен рок не започне со изведување на работите, Нарачателот може да го раскине договорот и да бара од Изведувачот наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот.

За денот на воведувањето во работа, Нарачателот (надзорниот орган) е должен писмено да го извести Изведувачот.

Член 15

Ако постои оправдано сомневање дека работите ќе бидат изведени во договорениот рок, Нарачателот има право да побара од Изведувачот да преземе потребни мерки со кои се обезбедува соодветно забрзување на работите и нивно усогласување со договорениот план на изведување на работите.

Член 16

Ако Нарачателот изведувањето на работите им го отстапил на двајца или поголем број изведувачи на ист објект, должен е да ја координира работата на тие изведувачи во поглед на роковите за извршување на тие работи.

Член 17

Изведувачот има право да бара продолжување на рокот за Изведување на работите во случај во кој поради променети околности или неисполнување на обврските од Нарачателот, бил спречен да ги изведува работите.

Продолжувањето на рокот се определува според траењето на пречката, со тоа што рокот се продолжува и за времето потребно за повторното започнување на работите и за евентуалното поместување на работите во поповолни услови.

Како причини поради кои, во смисла на ст. 1 од овој член, може да се бара продолжување на роковите, се сметаат особено:

1) природни непогоди (пожар, поплава, земјотрес, исклучително лошо време, невообичаено за годишното време и за местото на кое се изведуваат работите, пандемија, епидемија и сл.);
2) мерките предвидени со акти на надлежните органи;

3) услови за изведување на работите во земја или во вода, што не се предвидени со проектната документација;
4) задоцнување на воведувањето на Изведувачот во работата;
5) непредвидените работи за кои Изведувачот при склучување на договорот не знаел ниту можел да знае дека мораат да се изведат;
6) задоцнување на испорака на опрема, ако опремата ја набавува Нарачателот, или ја испорачува лице кое тој го определил;
7) неисполнување или неуредно исполнување на обврските на Нарачателот како што се отстранување на недостатоци во техничката документација врз основа на која се изведуваат работите, исплата на времена ситуација ...

Член 18

Изведувачот е должен барањето за продолжување на рокот да го поднесе до Нарачателот и Надзорот на градба штом ќе дознае за причината поради која рокот може да се продолжи.

Права и обврски на Изведувачот

Член 19

Изведувачот е должен работите од чл. 1 на овој Договор да ги изведе на начин и во роковите што се определени со овој Договор, прописите и правилата на струката,во согласност со условите утврдени со Законот за градење и подзаконските акти.

Член 20

Изведувачот е должен навремено и детално да ја проучи проектната документација врз основа на која се изведуваат договорените работи и од Нарачателот, навремено да побара објаснение за недоволно јасните детали.

Член 21

Изведувачот нема право да ја менува проектната документација.

Ако Изведувачот при изведување на градежните работи воочи одредени недостатоци во проектната документација кои ја загрозуваат сигурноста на објектот, животот или здравјето на луѓето, сообраќајот или соседните објекти, до отстранувањето на недостатоците Изведувачот ќе го запре изведувањето на работите и ќе преземе мерки за отстранување на недостатоците.

Член 22

Изведувачот е должен на местото каде се изведуваат градежните активности да води градежен дневник и градежна книга(во пропишана форма) кои ќе бидат потпишани од надзорот на градба.

Член 23

Изведувачот е должен на местото каде ќе се изведуваат работите да презема мерки заради обезбедување на сигурноста на објектот и на работите, опремата, уредите и инсталациите, работниците, минувачите, сообраќајот, соседните објекти и околината.

Трошоците за спроведување на мерките од став 1 на овој член, ги поднесува Изведувачот.

Член 24

Од почетокот на изведувањето до предавањето на работите на Нарачателот, Изведувачот на погоден начин ги обезбедува и чува изведените работи, опрема и материјали од оштетување, пропаѓање, однесување или уништување.

Изведувачот ги поднесува трошоците на обезбедувањето и чувањето на изведените работи, опрема и материјали и на ризикот на нивното оштетување, уништување, однесување и пропаѓање.

Член 25

По завршување на работите, односно, по раскинувањето на договорот, Изведувачот е должен од местото каде се изведуваат работите да ги повлече своите работници, да ги отстрани преостанатите материјали, опрема и средства за работа, како и привремените објекти што ги изградил и да го исчисти објектот и градилиштето.

Трошоците настанати во врска со работите од ст. 1 на овој член, извршени по завршување на договорените работи, ги поднесува Изведувачот.

Трошоците настанати во врска со работите од ст. 1 на овој член, извршени во случај на раскинување на Договорот, ги поднесува договорната страна што е одговорна за раскинување на Договорот.

Обврски на Нарачателот

Член 26

Нарачателот е должен да ги отстрани сите постоечки проблеми (нерешени имотно-правни односи, добивање акти од надлежни органи...) во предвидениот рок до воведување на Изведувачот во работа со што би се овозможило несметано изведување на работите.

Член 27

Нарачателот е должен, по склучувањето на Договорот, да го воведе Изведувачот во работа.

Воведувањето на Изведувачот во работа особено опфаќа предавање на местото каде ќе се изведуваат работите, под кое се подразбира обезбедување на Изведувачот право на пристап на истото и предавање на Изведувачот на техничката документација за изведување на работите во потребен број примероци.

За воведувањето на Изведувачот во работа се составува посебен Записник и тоа се констатира во градежниот дневник.

Член 28

Нарачателот е должен да постапи по барањето на Изведувачот, со кое се бара објаснение за недоволно јасните детали од техничката докумантација и во примерен рок да му го даде бараното објаснение.

Член 29

Нарачателот е должен пред започнување на работите да именува свој надзор на градба, односно надзорен инженер, и со писмо да го извести Изведувачот за тоа и Нарачателот.

Член 30

Нарачателот е должен, на писмено барање на Изведувачот, да обезбеди технички прием на изведените работи.

Во случај Нарачателот да пушти во употреба некои делови од изведените работи или сите, пред да биде извршен технички прием, ќе се смета дека истите се примени од страна на Нарачателот.

Од денот кога ќе започнат да се користат изведените работи од страна на Нарачателот престануваат сите обврски на Изведувачот во поглед на чување на извршените работи, а гарантниот период почнува да се смета од денот кога е започнато ваквото користење.

Разлики во цена (корекција на цени)

Член 31

Корекција на цените на предметот на договорот за јавна набавка, преземени и утврдени од конечната понуда, не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на реализација на договорот.

Услови за квантитативна и квалитативна контрола

Член 32

Изведувачот е должен при изведување на работите да вградува материјали и опрема што му одговараат на пропишаниот или договорениот квалитет. Ако е потребно Изведувачот е должен да изврши соодветно испитување на материјалот.

Ако методите за испитување на материјалите не се определени со техничката документација илисо техничките прописи, ги определува Изведувачот.

Трошоците за испитување на материјалите ги поднесува Изведувачот.

Член 33

Ако Изведувачот не ги изведува работите според договорената техничка документација, техничките прописи и стандарди, како и според резултатите од сопственото испитување и правилата на струката, Нарачателот, има право да бара запирање на натамошното изведување на работите, односно, да бараат промена на материјалите или употреба на материјали и опрема од соодветен квалитет. Ако на тој начин е доведена во прашање сигурноста на објектот, животите на луѓето или на соседните објекти, Нарачателот, има право да бара Изведувачот да ги урне изведените работи и работите повторно да ги изведе на свој трошок на начин што е договорен.

Член 34

Изведувачот е должен да даде докази за квалитетот на употребените материјали и опрема и на изведените работи и да му овозможи контрола на крајниот корисник на проектот.

Конечната оцена на квалитетот на изведените работи и на употребените материјали и опрема се врши при примопредавањето на изведените работи.

Ако контролата на крајниот корисник бара откривање на одделни работи или просечување отвори, Изведувачот е должен да го овозможи тоа.

Трошоците на контролата ги поднесува Изведувачот.

Сите наоди на контролата се запишуваат во градежниот дневник.

Член 35

Ако Изведувачот во текот на изведувањето на работите не постапи по основаното барање на Нарачателот и не ги отстрани недостатоците на изведените работи, Нарачателот може да го раскине договорот и да бара од Изведувачот надомест на штета што настанала поради неквалитетно изведените работи и поради раскинувањето на договорот.

Надзор на изведување на работите

Член 36

Нарачателот има право да врши надзор на изградба над работите на Изведувачот заради проверување и обезбедување на нивно уредно изведување, особено во поглед на видот, количеството и квалитетот на работите, на материјалите и опремата и на предвидените рокови.

Заради вршење на надзор на изградба Нарачателот има право на пристап на градилиштето, во работилниците, погоните и местата за складирање на материјалите.

Надзор на изградба го врши надзорниот инженер што ќе го назначи Општина Чешиново-Облешево.

За надзорниот инженер што е назначен да врши надзор на изградба и за неговите овластувања, Нарачателот го известува Изведувачот.

Член 37

Забелешките во поглед на начинот на изведувањето на работите, на употребениот материјал или на текот на изведувањето на работите, Нарачателот, е должен без одлагање да му ги соопшти на Изведувачот.

Сите забелешки и наоди се соопштуваат во писмена форма или се запишуваат во градежниот дневник.

Член 38

Изведувачот е должен да постапи по сите основни барања поднесени во врска со вршењето на стручниот надзор.

Начин на примопредавање на изведените работи

Член 39

Веднаш по завршувањето на работите Изведувачот го известува Нарачателот дека работите што се предмет на договорот се завршени.

Член 40

Нарачателот во присуство на Изведувачот е должен без одлагање да пристапи кон примопредавање и конечна пресметка.

Член 41

За примопредавањето се составува записник кој ги содржи особено следните податоци:

1) дали работите се изведени според договорот, прописите и правилата на структурата;
2) дали квалитетот на изведените работи му одговара на договорениот квалитет, односно, кои работи изведувачот треба на свој трошок да ги дорабоги, поправи или повторно да ги изведе и во кој рок тоа треба да го стори;
3) констатација за примопредавањето на гарантните листови и атести за опремата што е вградена;
4) датумот на завршувањето на работите и датум на извршеното примопредавање.

Член 42

Записникот за примопредавање може да го состави и само еден договорач без учество на другиот ако другиот договорач неоправдано го одбие учеството во примопредавањето или неоправдано не се одзове на поканата да учествува во примопредавањето. Таквиот записник се доставува до другиот договарач. Со денот на доставувањето на записникот настануваат последиците во врска со примопредавањето.

Член 43

Ако во записникот за примопредавањето обострано се констатира дека Изведувачот треба на свој трошок да дорабоги, поправи или повторно да изведе одделни работи, Изведувачот е должен веднаш да пристапи кон изведување на тие работи.

Ако Изведувачот не ги изведе работите од ст. 1 на овој член во примерниот рок, Нарачателот може да ангажира друго лице да ги изведе врз товар на Изведувачот.

Услови за извршување на дополнителни недоговорени работи

Член 44

Изведувачот е должен да ги изведе договорените работи на начин и во роковите определени со овој Договор.

Како договорени работи во смисла на ст.1 на овој член се сметаат и вишоците на работите.

Член 45

Изведувачот е должен по писмен налог од Нарачателот да ги изведе непредвидените работи.

Член 46

Нарачателот е должен изведувањето на непредвидените работите да му ги отстапи на Изведувачот, а на трето лице може да му ги отстапи ако Изведувачот одбие да ги изведе воопшто или навремено.

Член 47

Нарачателот е должен изведувањето на дополнителните работи пред отстапувањето на трето лице да му го понуди на Изведувачот.

Изведувачот може изведувањето на дополнителните работи да го прифати или одбие.

Подизведување и подизведувачи

Член 48

Изведувачот може изведувањето на одделни договорени работи да му го отстапи на трето лице (подизведувач).

Член 49

Отстапувањето на работите на трето лице (подизведувач) нема влијание врз правните односи и меѓусебните права и обврски на Нарачателот, и Изведувачот.

Гарантен рок на изведени работи

Член 50

Изведувачот гарантира дека изведените работи во времето на примопредавањето се во согласност со договорот, прописите и правилата на струката и дека немаат маани што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или нивната подобност за редовна употреба, односно, за употребата определена со договорот. Нарачателот е должен за забележаните недостатоци да го извести Изведувачот без одлагање.

Гарантниот рок на изведените работи изнесува 2 (две) години, а започнува да тече од примопредавањето на изведените работи или на дел од изведените работи, а ако користењето на изведените работи или на дел од истите започнало пред примопредавањето - од почетокот на користењето.

За квалитетот и гаранцијата на материјалите што се вградуваат, во поглед на содржината и рокот, важи гаранцијата од производителот, со тоа што изведувачот е должен сета документација за квалитетот и гаранциите на производителот на материјалите, заедно со упатствата за употреба да ги прибави и да му ги предаде на Нарачателот.

Гаранција за квалитетно и навремено извршување на работите

Член 51

Изведувачот му достави на Нарачателот банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на работите, со број 89820.8 издадена од Комерцијална Банка АД Скопје, во висина од 270.000,00 денари, со времетраење на важност на истата до 15.12.2024 година, односно до целосна реализација на договорот, во еден оригинален примерок, неотповиклива, непренослива и наплатива безусловно на прв писмен повик. Со гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, Изведувачот се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изведе работите кои се предмет на овој договор.

Гаранцијата се наплаќа во следните случаи:

- доколку Изведувачот не го почитува договорениот рок за изведба на работите

и не ги изведе работите во предвидениот рок, а при тоа нема прифатливо оправдување од страна на Надзоротна градба;
- во случај на несовпаѓање на техничките и квалитативните карактеристики на изведените работи, со проектната документација;
- доколку Изведувачот не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста;
- во случај на раскинување на договорот по вина на Изведувачот.

Нарачателот ќе ја врати банкарската гаранција од ст. 1 на овој член на Изведувачот, во рок од 14 (четиринаесет) дена по истекувањето на важноста на договорот, односно по целосна негова реализација, кое се потврдува со издавање на потврда/извештај од надзорниот орган за квалитетно завршување на работите и по обем според техничката спецификација-предмер пресметката од Договорот.

Виша сила

Член 52

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

Обештетување

Член 53

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

Решавање на спорови

Член 54

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе го решава стварно и месно надежен суд.

Услови за прекинување или раскинување на договорот

Член 55

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

Член 56

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

Член 57

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да ѝ остави на другата договорна страна дополнителен рок за исполнување, ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Член 58

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

Член 59

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да ѝ го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Времетраење на важност на договорот

Член 60

Времетраење на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат преземено договорните страни, но не подоцна од 15.12.2024 година.

[вообичаено времетраење на договорот е времетраењето до конечно завршување на договорените работи]

Заштита на лични податоци

Член 61

Двете договорни страни се должни со податоците и документите до кои дошле при реализација на договорот, да постапуваат во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 62

Со потпишувањето на овој Договор, Изведувачот е согласен, Нарачателот, да врши обработка на неговите лични податоци, за потребите на објавувањето на договорите за јавни набавки на Електронскиот систем за јавни набавки.

Завршни одредби

Член 63

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за сè што е потребно за реализација на Договорот.

Член 64

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договорсамо спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање додругата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување наДоговорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писменаформа ,ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РСМ.

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 65

Договорните страни се согласни за сѐ што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Северна Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

Член 66

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста на овој Договор.

Член 67

Овој Договор е составен во 4(четири) еднакви примероци, од кои 2 (два) примерока за Нарачателот и 2 (два) примерока за Изведувачот, и стапува на сила со денот на склучувањето.

Нарачател,
Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник,
Далибор Ангелов

Изведувач,
ВОД - ВАР ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје
Управител,
Робертино Јанкуловски

Составен дел на Договорот е:
- Основен проект за фекална канализација во с.Облешево
и анекс кон основниот проект, Технички број: 05-01/14
Проектантска куќа: Аква Инг ДООЕЛ Штип

Прилог:
- Предмер Пресметка, со утврдени конечни цени
- Банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот, со број 89820.8 издадена од Комерцијална Банка АД Скопје - копија

Изработил: Лице за јавни набавки - Силвана Благонова
Потврда за положен испит за лице за јавни набавки
Бр.11-4/324 од 06.11.2023 год. – Биро за јавни набавки

Makedonski Telekom CA, Silvana Blagonova
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Silvana Blagonova
Date: 2024.09.17 11:11:57 +02'00'

Предмер Пресметка за Договор за јавна набавка за

Изградба на фекална канализација во с.Облешево

Делница: Лево од магистрален пат за Кочани

склучен по Оглас бр. 12294/2024 објавен на ЕСЈН и во Службен весник на РСМ бр.156/24

Ред.бр	*Опис на работа*	Единична мера	Количина	Единична цена	вкупно
а) претходни работи					
1	Обележување и осигурување трасата ул.Маршал Тито крак1 крак 1aL	 м1 м1	 417,00 226,50	 16,6 16,6	 6.922,20 3.759,90
2	Машинско сечење на асфалт со ископ утовари одвоз на депонија	м3	1,80	5.395,00	9711,00
Вкупно претходни работи					20.393,1
б)Земјани работи					
3	Машински тесен ископ земја во ров со ширина ш=0,80 и длабочина (0-2)м Земја 3 и 4 кат.(90%) ул.Маршал Тито крак 1 крак1 aL	 м3 м3	 254,64 126,33	 207,50 207,50	 52.837,80 26.213,48
4	Машински тесен ископ земја во ров со ширина ш=0,80 и длабочина(2-4)м -земја со 3 и 4 кат(80%) ул.Маршал Тито крак 1 крак 1aL	 м3 м3	 1,00 1,00	 1.079,00 1.079,00	 1.079,00 1.079,00

5	Машински тесен ископ за ров со ширина ш=0,80 и длабочина H=0-2 м: 5% ул.Маршал Тито крак 1 Крак 1aL	 м3 м3	 14,15 7,02	 415,00 415,00	 5.872,25 2.913,30
6	Машински тесен ископ за ров со ширина ш=0.80 и длабочина H=0-2м -во змја од 6 кат(5% од ископот) ул.Маршал Тито крак 1 крак 1aL	 м3 м3	 14,15 7,02	 1.079,00 1.079,00	 15.267,85 7.574,58
7	Рачен ископо земја за фино дотерување на каналот (10% од вкупната количина) ул.Маршал Тито крак 1 крак 1aL	 м3 м3	 28,29 14,04	 373,5 373,5	 10.566,32 5.243,94
8	Планирање на дното на ровот со набивање ул.Маршал Тито крак 1 Крак 1aL	 м2 м2	 333,60 181,20	 20,75 20,75	 6.922,20 3.759,90
9	Набавка,транспорт и вградување на песок 10 см под цевките и 30 см над цевките ул.Маршал Тито крак 1 крак 1aL	 м3 м3	 133,44 72,48	 996,00 996,00	 132.906,24 72.190,08
10	Рачно затрупување на ров со ситно зрнест земјен				

	материјал од ископ и набивање во слоеви од 30 см ул.Маршал Тито крак 1 крак 1aL	 м3 м3	 100,08 54,36	 166,00 166,00	 16.613,28 9.023,76
11	Машинско затрупување на ров со земја од ископот со набивање во слоеви од 30 см ул.Маршал Тито крак 1 крак 1aL	 м3 м3	 77,70 27,57	 107,9 107,9	 8.383,83 2.974,80
12	Машински утовар и транспорт на вишок земја (цца 15%) на депонија на оддалеченост до 15 км ул.Маршал Тито крак 1 крак 1aL	 м3 м3	 153,46 83,35	 373,5 373,5	 57.317,31 31.131,23
13	Набавка и уградување на завршен слој од дрбен камен тампон со д=30 см под асфалт	м3	5,50	1660,00	9.130,00
Вкупно земјени работи					479.000,15
в)Монтажерски работи					
14	Набавка и монтажа на ПЕ коругирани цевки од 200 mm SN8 ул.Маршал Тито крак 1 крак 1aL	 м1 м1	 188,00 226,50	 431,60 431,60	 81.140,80 97.757,40

18	Разупирање на ров за изведба на монтажни работи ул.Маршал Тито крак 1 крак 1aL	 м2 м2	 1084,20 588,90	 20,75 20,75	 22.497,15 12.219,68
19	Набавка и вградување на нов слој за коловоз од БНХС 22 СО Д=10 19 см	м2	18,00	1.950,5	35.109,00
Вкупно останати работи					69.825,83

РЕКАПИТУЛАЦИЈА		
а)	Претходни работи	20.393,1
б)	Земјени работи	479.000,15
в)	Монтажни работи	330.954,20
г)	Објекти(ревизиони шахти)	612.540,00
д)	Останати работи	69.825,83
	Вкупно без ДДВ 18%:	1.512.713,27
	ДДВ 18%	272.288,39
	Вкупно со ДДВ 18%:	1.785.001,67

Нарачател,
Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник,
Далибор Ангелов

Изведувач,
ВОД - ВАР ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје
Управител,
Робертино Јанкуловски

Изработил: Лице за јавни набавки - Силвана Благонова
Потврда за положен испит за лице за јавни набавки
Бр.11-4/324 од 06.11.2023 год. – Биро за јавни набавки

Makedonski Telekom CA, Silvana Blagonova
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Silvana Blagonova
Date: 2024.09.17 11:11:17 +02'00'

15	Набавка и монтажа на ПЕ коругирани цевки од 250mm SN8 ул.Маршал Тито крак 1	м1	229,00	664,00	152.056,00
Вкупно монтажерски работи					330.954,20
г)Објекти (ревизиони шахти)					
16	Изведба на канализациони монтажни шахти со H=2м по детал опремени со бетонско дно д=20 см,пењалици и ливен железен капак ф 600мм тежок тип 400 Кн ул.Маршал Тито крак 1 крак 1aL	 бр. бр.	 11 5	 27.390,00 27.390,00	 301.290,00 136.950,00
17	Изведба на куќен приклучок на фекална канализација со приклучување на канализациона лнија со изведба на споен елемент(коса рачва),во позицијата се влезени рачен ископ на ров ш=060 H=1.00м поставување на ситен песок и затрупување по извршена монтажа,во позицијата се земени и потребни спојни елементи ф160(рачва и колена) Приклучоците се предвидени со просечна должина од 6 м . Предвидено е ПЕК ОД 160 цевка	бр.	20	8.715,00	174.300,00
Вкупно објекти (ревизиони шахти)					612.540,00
д)Останати работи					

Комерцијална банка

ул. Васил Иљоски бр. 3
1000 Скопје • П. Фах 563
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
Контакт центар: 02 / 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

Корисник на гаранцијата:
Општина Чешиново-Облешево,
ул. Маршал Тито бб, 2301 Облешево

27.08.2024 година

Г А Р А Н Ц И Ј А бр. 89820.8
за навремено и квалитетно извршување на работите

Комерцијална Банка АД Скопје, ул.Васил Иљоски бр.3, 1000 Скопје (во понатамошниот текст: „Гарант") е информирана дека Вие, Општина Чешиново-Облешево, ул. Маршал Тито бб, 2301 Облешево, Пробиштип , „Корисник на гаранцијата") и **Друштво за производство трговија и услуги ВОД - ВАР ИНЖЕНЕРИНГ ДОО увоз-извоз Скопје** (во понатамошниот текст: „Барател на гаранцијата") ќе склучите Договор врз основа на Одлука за избор на најповолна понуда и доделување на договор за јавна набавка на работи : Изградба на фекална канализација во с. Облешево за оглас бр. 12294/2024 од 22.07.2024 година (во понатамошниот текст „Договор"). Согласно Договорот, Барателот на гаранцијата треба да достави гаранција за навремено и квалитетно извршување на работите во корист на Корисникот на гаранцијата.

Во врска со тоа, Комерцијална Банка АД Скопје како Гарант, гарантира на Корисникот на гаранцијата до максимален износ од:

ДЕН.270.000,00
(со зборови: двеста и седумдесет илјади денари)

дека Барателот на гаранцијата навремено и квалитетно ќе ги изврши обврските според условите предвидени во Договорот, наведен во став 1 од оваа гаранција.

Гаранцијата се издава со рок на важност до **15.12.2024 година, заклучно со 16:00 часот.**

Доколку Барателот на гаранцијата не ги исполни своите обврски согласно Договорот цитиран во став 1 од оваа гаранција, Гарантот се обврзува безусловно и на прв писмен повик на Корисникот на гаранцијата да го исплати било кој износ до гарантираниот износ од став 2 на оваа гаранција.

Гаранцијата може да се протестира за наплата до датумот на важност на гаранцијата, со доставување на писмено Барање за плаќање и Изјава од Корисникот на гаранцијата (која може да биде содржана и во самото Барање) до Гарантот во која е наведено дека Барателот на гаранцијата не ги исполнил своите обврски предвидени во Договорот, како и гарантираната обврска која не ја исполнил. Во прилог на Барањето и Изјавата од Корисникот (која може да биде содржана и во самото Барање), заверени со печат и потпишани од овластено лице на Корисникот на гаранцијата, а кои мора да бидат примени во архивата на Гарантот до датумот на важност на гаранцијата, задолжително се доставува и оригиналниот примерок на гаранцијата, заедно со сите анекси издадени по истата.

Банката ќе изврши плаќање по прием на Барање за плаќање поднесено од страна на Корисникот на гаранцијата согласно условите на гаранцијата во рок од 5 работни дена.

По истекот на рокот на важност на гаранцијата, истата истекува во целост и автоматски, независно дали оригиналниот примерок на гаранцијата е вратен на Гарантот. Гаранцијата престанува да важи и пред истекот на рокот на важност, доколку оригиналниот примерок на гаранција му биде вратен на Гарантот, заедно со сите анекси издадени по истата и/или врз

основа на нотарски заверена писмена Изјава со печат и потпис од овластено лице на Корисникот на гаранцијата, со која целосно се ослободува Гарантот од обврските по гаранцијата.

За секое извршено плаќање по оваа гаранција од страна на Гарантот, обврската на Гарантот се намалува за исплатениот износ. Доколку Корисникот на гаранцијата поднесе Барање за плаќање за дел од износот на гаранцијата, по извршеното плаќање Корисникот на гаранцијата, во просториите на Гарантот, има право да го подигне поднесениот оригинален примерок од гаранцијата и сите примероци од анексите издадени по истата, заедно со писмено известување од страна на Гарантот за износот на останатото салдо на гаранцијата.

Гаранцијата се издава за Корисникот на гаранцијата во 1 (еден) оригинален примерок.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ

Директор на Дирекција	**Директор на Дирекција**
Наташа Стоименова	Катерина Г. Марковска

комерцијална банка АД СКОПЈЕ 19